ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; OIB: 07739533563; MB: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122;
IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4; SWIFT: PBZGHR2X;
web: www.zmurh.hr ; e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr ; zmurh.hr@gmail.com

Урброј: ЗМ – 71 – 1/2015
Загреб, 19. 07. 2015.

# З А П И С Н И К

од **10. седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **19.07.2015 година** со почеток во **12.20 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во Масарикова 16/1, Загреб.

**Присутни членови:** Илија Христодулов – претседател на ЗМРХ, Благој Штерјов – Загреб, Мирјана Мајиќ – Задар, Борис Трајановски – Осиек, Милена Златеска – Пула и Елизабета Петровска – Загреб.

**Отсутни членови:** Ангел Митревски – Сплит.

Седницата ја водеше претседателот на УО на ЗМРХ, И. Христодулов. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број членови за донесување правно важечки одлуки (кворум), тој ги поздрави сите присутни, го прочита дневниот ред за истата и членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 9. седница на УО на ЗМРХ;
2. Информатор за план и програма на активностите на друштвата за изминатиот период од претходната седница до денес и за период од 01.07.-30.09.2015.– друштвата се должни својот информатор да го поднесат најкасно три дена пред седницата по електронска пошта;
3. Усвојување на „Polugodišnji financijski izvještaj ZMRH za razdoblje od 01.01.-30.06.2015. godine (Obrazac FP-1)" со обрасците IR-2/Informiranje, IR-3/Izdavaštvo, IR-4/Kulturni amaterizam, IR-5/Kulturne manifestacije и со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози;
4. Договор околу реализацијата на програмите во 2015 година и усвојување на донесените одлуки;
5. Усвојување на новиот предлог на Деловник за работата на УО на ЗМРХ;
6. Усвојување на новиот предлог на Правилник за службени патувања на ЗМРХ;
7. Донесување на одлука за висината и начинот на плаќање членарина на членовите на ЗМРХ;
8. Донесување на одлука за висината на надоместокот за трошоците на ликвидаторот на ЗМРХ во случај да настапи постапка на ликвидација;
9. Разно.

**Ад. 1.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** записникот од 9. седница на УО (прилог).

**Ад. 2.** Информаторот беше подготвен и проследен по електронска пошта од друштвата од Задар, Риека и Пула, и од ЗМРХ (прилог). Друштвата од Сплит, Осиек и Загреб не го доставија својот информатор. Се поведе расправа за ползата на подготвувањето на овој информатор, бидејќи од почетокот на неговото вовдување, друштвата воопшто не се придржуваат на роковите за достава на истиот. Во расправата, во која учествуваа сите членови на УО, се рече дека друштвата за активностите и настаните што ги одржуваат, секојдневно меѓусебно се информираат преку електронска пошта, јавните медиуми, интернет и друштвените мрежи, и дека поради тоа информаторот станува бесполезен. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ја донесоа следната одлука:**

- Заради поголема практичност, се укинува информаторот како точка на дневниот ред на УО и истиот се воведува како задолжителен прилог на полугодишните и годишните извештаи за работата на ЗМРХ и на друштвата, а ќе се проследува до сите по електронска пошта.

**Ад. 3.** За полугодишниот финансиски извештај на ЗМРХ „Polugodišnji financijski izvještaj ZMRH za razdoblje od 01.01.-30.06.2015. godine (Obrazac FP-1)" со обрасците IR-2/Informiranje, IR-3/Izdavaštvo, IR-4/Kulturni amaterizam, IR-5/Kulturne manifestacije и со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози (прилог), Е. Петровска рече дека е уредно и навремено изработен, како и „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava ZMRH za razdoblje od 01.01.-30.06.2015. godine" кое е исто така, уредно изработено за потребите на ЗМРХ (прилог). Доставени се до ЗМРХ и извештаите на друштвата од Задар и Осиек, а се очекува и останатите да бидат навремено доставени до ЗМРХ за да се испочитува рокот за предавање до Советот за националните малцинства на РХ. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ја донесоа следната одлука:**

- Се усвојува „Polugodišnji financijski izvještaj ZMRH za razdoblje od 01.01.-30.06.2015. godine (Obrazac FP-1)" со обрасците IR-2/Informiranje, IR-3/Izdavaštvo, IR-4/Kulturni amaterizam, IR-5/Kulturne manifestacije и со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози.

**Ад. 4.** По оваа точка главно се расправаше за програмите „Летен камп – училиште по македонски јазик со работилници – Рогач 2015. (од 26 јули до 02 август за средношколци и од 02-09 август за основношколци)" и за „Илинден 1903-2015". Во врска со кампот на Шолта, а бидејќи водителот на кампот Ангел Митревски не беше присутен, претседателот Христодулов го контактираше по телефон. Оваа година децата плаќаат партиципација од 200,00 кн за патните трошоци до Сплит, а претсметките за превозот се очекува да се пратат до ЗМРХ за наплата. За Илинден, претседателот рече дека наемот од 2.800,00 кн на излетничкото место „Голубињак" во Горски Котар, каде ќе се организира прославата, ќе биде подмирен од локални донации, како и наемот на клупите, столиците и шаторите, и пијалаците за ВИП масата. Групата „Балканика бенд" од Крањ ќе свири на прославата за цена од 3.800,00 кн, без спиење, со нивни разглас. Гравот е 24,00 кн по порција, а бројот на порциите ќе се договори во наредните три дена откога сите друштва ќе се очитуваат за бројот на гостите. Истото важи и за видот и цената на превозот, освен за друштвата од Риека и Загреб, чии автобуси ќе бидат подмирени од донации (Град Риека и Совет на МНМ за Град Загреб), а претседателот ќе го контактира и „Алкалоид Загреб" д.о.о. за донација за автобусот од Осиек. Партиципацијата за превозот на МКД-ата останува и понатаму иста – 20% од вкупниот износ. Во врска со „Денот на ЗМРХ", претседателот рече дека ќе ја контактира Зорица Локас за бесплатен наем на салата на ОУ „Матија Губец" на Кнежија или Благој Штерјов да го контактира градоначалникот на Самобор за наем на кино салата во ПОУ Самобор. Како координатор на манифестацијата, претседателот е обавезен да направи програма со минутажа и со техничкиот дел за настапите, како и да одреди задолжувања за сите МКД-а, односно за членовите на УО за

организацискиот дел. За „Рациновиот ден" се рече дека ќе се одржи во Самобор на 21 ноември во рамките на манифестацијата „Недела на македонската култура", која МКД од Загреб во соработка со Самоборската библиотека ќе ја организира со неколку различни содржини. „Деновите на глаголицата во Истра" ќе се организираат по предвидениот план. Книгите од В. Тоциновски, Ј. Цветичанин и Е. Петровска се предвидува да излезат од печат на есен, а за книгата од М. Апостоловска претседателот се обврза да ја контактира за повеќе информации околу издавањето. „Македонски глас" се печати навремено и по предвидениот план, а за актуелните работи во врска со содржината на истиот, ќе се расправа накнадно, кога главната и одговорна уредничка ќе биде присутна на УО.

**Ад. 5.** и **Ад. 6.** Како сè уште не пристинало Решението за упис на промените во Регистарот на здруженија на РХ, и не е заверен новиот Статут на ЗМРХ од Градската канцеларија за општа управа на Град Загреб, овие две точки не беа предмет на расправа и се пролонгираа за идната седница на УО.

**Ад. 7.** По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**
- Се одредува членарина на редовните членови на ЗМРХ (на МКД-ата) во висина од 50,00 кн за една календарска година;
- Членарината за оваа година да се уплати на сметката на ЗМРХ до крајот на 2015 година, а од наредната година членарината да се уплатува на почетокот на годината (во месец јануари) за тековната календарска година.

**Ад. 8.** По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ја донесоа следната одлука:**
- Се одредува исплата на надоместок за трошоците на ликвидаторот на ЗМРХ во случај да настапи постапка на ликвидација, во висина на реалните службени дневни и патни трошоци (дневници и превоз со автобус или со воз, или исклучително со автомобил за 1,00 кн по км), согласно законите на РХ.

**Ад. 9.** Под точката разно, се дискутираше за неколку теми. Мирјана Мајиќ бараше објаснување од претседателот зошто таа не била на „18. Денови на браќата Миладиновци" во Ѓаково, по првичниот договор за организација на превозот. Исто така, даде примедба дека изложбата на ниво на ЗМРХ „Творештво на македонски уметници во Хрватска" во Задар никој од МКД-ата никогаш не ја посетува. Претседателот објасни дека така беше само поради немање доволно средства, и затоа и во Ѓаково се одеше само со еден автомобил во кој беа тој, С. Чомов, М. Златеска, Е. Петровска и шоферот, зашто автобусот од Загреб беше откажан. Петровска информираше за пристигнатото известување од МЗОС на РХ дека Агенцијата за воспитание и образование дала позитивно стручно мислење за Наставната програма по македонски јазик и култура по моделот Ц за средни училишта. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**
- Се разрешува Тодор Брдарски од членството на Редакцијата на списанието „Македонски глас" како досегашен дописник од Пула; Се именува Михаела Златеска за член на Редакцијата на списанието „Македонски глас" и за дописник од Пула (врз основа на донесената одлука на УО на МКД „Св. Кирил и Методиј" од Пула од 1 април, за разрешување на досегашниот дописник и член на Редакцијата на списанието „Македонски глас" и именување на нов – прилог);
- Се одбива молбата од Иван Качуров за парична помош за издавање на неговата автобиографска книга „Иван Качуров, учител по музика и добротвор" (прилог), поради немање средства и поради тоа што не е во програмата на ЗМРХ;
- Да се уплатат долговните средства на сметката на ЗМРХ за минатогодишниот „Ден на ЗМРХ" (МКД Сплит 1.680,00 кн и МКД Пула 606,25 кн);

- Се даруваат 20 примероци од книгата „Огниште“ на авторот Милена Златеска на нејзино барање;
- Се даруваат 10 примероци од книгата „Носталгија и љубов“ на авторот Мирјана Мајиќ на нејзино барање;
- Се даруваат 10 примероци од книгата „Бели мугри 1939-2003 – репринт“ на МКД „Билјана“ од Задар на нивно барање.

На крајот, претседателот Христодулов се заблагодари на МКД „Браќа Миладиновци“ од Осиек и на претседателот Борис Трајановски за вложениот труд и успешноста во организирањето на „18. Денови на браќата Миладиновци“ по повод годишнината од раѓањето и смртта на Ј. Ј. Штросмаер, а особено за дочекот на претседателот на РМ, д̓-р Ѓорге Иванов, во рамките на истата манифестација. Трајановски на ЗМРХ и подари ДВД и ЦД од манифестацијата.

По ова, сите теми за дискусија беа исцрпени и претседателот Христодулов ја затвори седницата.

Седницата заврши во **15.30** часот.

Записничар:

Елизабета Петровска, дипл.инг.
секретар на ЗМРХ

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ

Претседател на ЗМРХ:

Илија Христодулов